# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНИТЕ АРХЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ЛОК. „ ГРАДИШТЕ“ – МЛ. НАГОРИЧАНЕ, 2017г.

Куманово, октомври 2017

1. **Податоци за носителот на дозволата за археолошки истражувања**

   Носител на дозволата за археолошки истражувања на лок. „Градиште“, с. Младо Нагоричане, Куманово, е НУ Музеј Куманово - Куманово.

2. **Податоци за истражувачкиот тим**

   Истражувачкиот тим во кампањата 2017 го сочинуваа: проф.д-р. Марјан Јованов – раководител, Дејан Ѓорѓиевски - археолог- раководител на сонда, Мирослав Петковски - археолог– раководител на сонда, Славица Цветановска – архитект.

3. **Приказ на применетата методологија, времето во кое работите се изведувани, обемот, правецот, организацијата и условите на археолошкото истражување:**

   Ископувањата за 2017 г. се изведени според претходно добиена дозвола (УП бр. 08-355 од 08.05. 2017 г., за периодот од 15.05 – 15.06. 2017).

   Методологијата применета во истражувањата во 2017 година подразбира детално истражување и документирање на сите културни слоеви во рамките на квадратните сонди, до утврдување на постоечката здравица или цврста архитектонска стуктура. Теренската документација се води со теренски дневник, во кои се забележуваат сите опсервации за културните слоеви, фото документацијата, и техничка документација за недвижниот и движниот материјал. Теренските основи се уредно исцртани на основи во размер 1:100,1:50, 1:20. Издвоениот движен материјал се фотографира и дообработува во теренски инвентарни книги. На движниот материјал ќе му претстои процес на конзерваторски третман поради состојбата во која е пронајден. Документацијата од истражувањето се состои од техничка документација и истата е направена и во дигитална форма.

   Обработката на движниот материјал се изведуваше во НУ Музеј Куманово.

4. **Првични резултати и сознанија од истражувањето**

Овогодинешните ископувања на локалитетот „Градиште“ – Мл. Нагоричане беа сконцентрирани кон доткривање на архитектурата на резиденцијалниот комплекс изграден на највисоката точка на ридот, како и на утврдување на карактерот на градбите и датирање на истите на јужната падина, под највисокиот дел кој е истражуван.

**Сонда 14** е со димензии 5x5 м и е поставена во продолжение на сонда 11, со цел да се добие увид во правецот на протегање на ѕидот од сонда 11 (382,41). И тука се наиде на подно ниво со иста висина со подот од сонда 11, но од објект кој многу повеќе беше руиниран. Од внатрешноста на објектот, освен керамички фрагменти, беше констатирано и присуство на рогови од елен, а ѕидот со правец с-ј беше сочуван само во негатив. Во исто лоша состојба беше и ѕидот кој се врзувал со ѕидот од сонда 11, а јужно од него има каскадно спуштена подна површина, скоро без наоди. Во сондата имаше и питос, односно само негов долен дел, вкопан во подот. За поврзување на подното ниво кое е каскадно спуштено (382,03), со она во просторијата, употребен е камен како скалило (382,12). Покрај просторијата (северно и јужно) постојат само мали ровови, како остатоци од негатив од некогашните ѕидови.

**Сонда 15** е јужно од 14, со исти димензии, со цел да се открие протегањето на каналот. Северно од каналот имаше поголема количина на паднати кровни тегули, измешани со изгорени ѕидни платна. Каналот продолжува, но скалесто се губи во висина (од 381,15 до 380, 87), односно двете нивоа на каналот (еден камен врз друг камен) кои беа констатирани минатата година, во овој дел преминуваат во едно ниво (каскадно), без јасна функција на

самата постапка. Покрај каналот има површина со паднати ѕидни платна и тегули, но засега не се забележани ѕидови кои би оградувале просторија.

**Сонда 16** е поставена како надоврзана на 13, со цел да се види дали има археолошки материјал како претходната година во сонда 13. Ситуацијата беше многу поразлична од Сонда 13, односно воопшто немаше елементи од камена пластика и имаше сосема мало количество од садова керамика.

**Сонда 17** е поставена во јужната падина на локалитетот, поради претходни индиции за постоење на цистерна за вода. Тоа се покажа како неточно, но, сепак , добивме доказ дека се живеело и на пострмната страна на локалитетот. Сосем малиот простор кој беше истражен зборува за постоење на градби од камен, со апсидални ѕидови, но со скромен квалитет.

**5. Преземени мерки за заштита на наоѓалиштето и наодите**

Сондите се истражени до ниво на под. Констатираните ѕидни партии и делови од архитектура се покриени со густа мрежа и затрупани со земја. Движниот материјал е донесен во Н.У. Музеј Куманово, каде што во тек е негов превентивен конзерваторски третман.

**6. Податоци за земени и предадени примероци за понатамошни лабораториски анализи**

нема

**7. Место за депонирање на движните археолошки наоди, со копија од документацијата за извршеното примопредавање**

Сиот движен археолошки материјал ќе се чува во просториите на НУ Музеј Куманово, во Куманово, односно во институцијата која е носител на проектот.

**8. Образложение за евентуалните отстапувања од предвидените позиции од основниот план или од условите определени во дозволата за археолошки истражувања**

Нема отстапки од основниот план за работа.

**9. Избор на теренска документација (копија од техничка документација и фотографии, односно фотоснимки, вклучувајќи и копија од обрасците), со која се илустрира целиот процес на реализација на истражувањето**

Избор од техничката и фотодокументација е приложен понатаму во извештајот.

**10. Финансиски извештај**

Доставен во прилог

**11. Заклучни согледувања и предлози**

Ископувањата од 2017 дадоа значајни резултати за стратиграфијата на локалитетот и функцијата на истражуваниот простор. Утврдивме дека има најмалку 4 фази во истражуваните градби. Последната фаза е со најскромни остатоци од живеење и се забележува во сите сонди на Акрополата. Надвор од градбата, на пониско ниво од сонда 11 и 12 постои изгорен под кој е поставен врз постар ѕид. На ѕидот пак му претходи

нивелација од камени плочи која го следи каналот. Во таа фаза се чини дека локалитетот бил најразвиен, и многу од ѕидовите и архитектонските елементи продолжуваат да се употребуваат и во подоцнежните обнови на локалитетот. Можеби и првата фаза од изградба на каналот е токму од тој период. Од интерес е да продолжиме со истражувањата на градбите кои го гледат каналот, со што поточно ќе ја дефинираме хронологијата на различните фази. Исто така, потебно е и продолжување на истражувањата на нерезиденцијалниот дел на јужната падина.

НУ Музеј Куманово
31.10.2017